**20211031642**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕМОРИЈАЛНИТЕ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 мај 2021 година.

Бр. 08-2219/1
5 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕМОРИЈАЛНИТЕ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈАТА

Член 1

Во Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 89/2008 и 152/15), во главата VII зборот „ОДРЕДБИ“ се заменува со зборот „САНКЦИИ“.

Член 2

Во член 28 во ставот 1 бројот „5.000“ се заменува со зборовите: „1.500 до 3.000“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното и на физичкото лице може да му се изрече опомена, согласно со Законот за прекршоците.“.

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите: „500 до 750“ се заменуваат со зборовите: „50 до 250“.

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

Член 3

Во член 29 во ставот 1 бројот „3.000“ се заменува со зборовите „1.000 до 2.000“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „150 до 250 евра во денарска противвредност“.

Во ставот 3 зборовите: „300 до 450“ се заменуваат со зборовите: „150 до 250“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното и на физичкото лице може да му се изрече опомена, согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 4

Во член 29-б ставовите 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 се бришат.

Член 5

Членот 29-в се брише.

Член 6

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.